# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА КУРС ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје објавува Јавен повик за доставување на понуди за Курс по англиски јазик.

## 1. Општи услови

1.1 Набавувач Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје

1.2 Предмет на барањето: Прибирање на понуди од правни лица за спроведување на Курс по англиски јазик.

1.3 Ромаверзитас Северна Македонија во рамките на иницијативата „Вклучување на младите Роми на пазарот на трудот“ објавува Јавен Повик за доставување на понуди за Курс по англиски јазик. Јавниот повик е објавен на web страната на Ромаверзитас и на социјалните медиуми на Ромаверзитас. Јавниот повик е упатен до сите квалификувани субјекти на територијата на Република Северна Македонија за добивање соодветни понуди за ангажман опишан подолу.

1.4 Секој понудувач (физичко или правно лице) мора да достави вкупна понуда по сите ставки, во спротивно ќе се смета дека понудата не е целосна и истата ќе биде одбиена.

1.5 Понудувачот во случај на избор на неговата понуда доколку е ДДВ обврзник должен е да обезбеди фактура од Управа за Јавни Приходи без ДДВ.

## 2. Понуда

2.1 Понудувачот треба да достави понуда согласно потребите на набавувачот, а во понудените содржини да содржи:

Понуда за реализирање на Курс по англиски јазик за 10 лица, и тоа 4 од Скопје, 3 од Источна Северна Македонија (Делчево и Берово) и 3 од Западна Северна Македонија (Гости-вар и Кичево). Планирано е да се реализира во текот на 3 месеци (во период од септември до декември 2024). Курсот по англиски јазик предвидено да се реализира двапати неделно, по 45 минути од сесија или еднаш неделно, по 90 минути од сесија.

2.2 Дополнителни информации за понудата

Понудата треба да важи за 10 лица, за стекнување на еден степен на Курс за англиски јазик.

2.3 Обврски на понудувачот

- Да подготови и да достави наставен план/програма за реализација на курсот;

- Наставата да ја изведува стручно лице согласно утврдениот наставен план/програма;
- Да врши групирање на учесниците во групи и степени соодветно на нивните знаења;
- Да обезбеди месечна евиденција со листа на присуство за учесниците на курсот;
- Да го извести нарачателот на услугата, во случај на три отсуства или напуштање на курсот на некој од учесниците;
- Да поденсува месечен извештај за реализација на курсот;
- Да поднесе фотографии на месечно ниво од реализација на курсот;
- Да подготви и додели соодветен сертификати за завршен еден степен за курс по англиски јазик за секој учесник.

**3. Потребни документи**

- Финансиска понуда (табелата наведена подолу во барањето)
- Кратка биографија на лицето кое ќе го реализира курсот

**4. Критериум за избор на најповолен понудувач**

- Финансиска понуда - 60 поени
- Искуство базирано врз доставената кратка биографија - 40 поени

**5. Облик на содржината на понудата**

| **Ставка** | **Опис на услугата** | **Број на лица** | **Бруто цена по лице (усд)** | **Вкупна бруто цена (усд)** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Курс по англиски јазик (еден степен) | 10 | | |

Набавувачот ќе го плати нето износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот сите потребни документи за да обезбеди фактура од Управа за Јавни Приходи без ДДВ.

Понудите да се достават најдоцна до 20.08.2024 до 12:00 часот на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или директно во канцелариите на Ромаверзитас, со назнака: Понуда за Курс по англиски јазик.